Архивски број: 08-25/1
Датум: 03-01-2024

Постапувајќи во постапка по службена должност бр. 08 – 728/1 од 04.10.2023 година и претставка од Здружение за сексуални и родови малцинства Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје против СОУГ Мирче Ацев од Прилеп, со седиште на ул. Прилепски Бранители бр. 96а, Прилеп за сторена индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 03.01.2024 година, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВЕЌЕКРАТНА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦАЦИЈА** врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието од страна на СОУГ Мирче Ацев од Прилеп, со седиште на ул. Прилепски Бранители бр. 96а, Прилеп, која произлегува од одредбите на Куќниот ред на училиштето, кои се однесуваат на правила за надворешен изглед на учениците.

## Образложение

На 04.10.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација покрена постапка бр. 08 – 728/1 по службена должност против СОУГ Мирче Ацев од Прилеп за заштита од индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието која произлегува од одредбите на Куќниот ред на училиштето, кои се однесуваат на правила за надворешен изглед на учениците.

Постапката беше покрената откако Комисијата за спречување и заштита на порталот www.objektivno24.mk забележа вест со наслов "Македонска Гимназијата воведе нови правила: Еве како отсега не смеат да изгледаат учениците! (ФОТО)", во која се вели дека Средното општинско училиште Гимназија Мирче Ацев од Прилеп вовело нови правила за изглед на учениците. Согласно објавената вест, со новите правила им се забранува пристап до училиштето на ученици и ученички со големи нокти, пирсеви, маици на прерамки, хеланки, бермуди, шорцеви, или било кратки панталони, кратки маици, искинати фармерки, тренерки и кратки сукњи. Во прилог на веста споделена е и фотографија од плакат со соопштените правила за надворешниот изглед на учениците од самото училиште. Имајќи предвид дека ограничувањето на пристапот до задолжително средно образование заради надворешен изглед на учениците може да доведе до дискриминација во пристап до образование врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба, како и фактот дека во конкретниот случај засегнати се поголем број лица, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на седницата одржана на 04.10.2023, одлучи по службена должност да поведе постапка за заштита од дискриминација против Средно општинско училиште Гимназија Мирче Ацев од Прилеп.

Дополнително, до Комисијата на 12.10.2023 пристигна претставка бр. 08 – 736/1 поднесена од Здружение за сексуални и родови малцинства Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје против СОУГ Мирче Ацев од Прилеп, со седиште на ул. Прилепски Бранители бр. 96а, Прилеп, СОУ Јане Сандански од Штип, со седиште на ул. Трајко Кошевски ББ, Штип и СОУ Јане Сандански од Струмица со седиште на ул. Моша Пијаде бр. 2,

Струмица, за сторена индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието. Имајќи предвид дека постапката поведена по службена должност на Комисијата бр. 08 – 728/1 и делот од претставката 08 – 736/1 поднесена од Коалиција Маргини, кој се однесува на заштита од дискриминација против СОУГ Мирче Ацев од Прилеп, се однесуваат на иста правна работа, Комисијата со одлука реши да ги спои овие две постапки и во ова мислење да одлучи за правната работа.

Од споделените информации од интернет порталот www.objektivno24.mk, Комисијата сметаше дека се исполнети законските претпоставки од чл. 23, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој Комисијата поведува постапка по службена должност ако од околностите и фактите, како и сознанието добиено по допрен глас, основано произлегува дека од страна на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правните лица со јавни овластувања е извештена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи. Следствено, Комисијата на 04.10.2023 до СОУГ Мирче Ацев од Прилеп испрати известување за поведување постапка по службена должност бр. 08-728/1, во кое го повика училиштето во рок од 15 дена од приемот на известувањето писмено да се произнесе по следниве прашања:

- Дали Средното општинско училиште Гимназија Мирче Ацев има донесено посебни правила за надворешниот изглед на учениците, со кои им се забранува пристап до училиштето на ученици и ученички со големи нокти, пирсеви, маици на прерамки, хеланки, бермуди, шорцеви, или било кратки панталони, кратки маици, искинати фармерки, тренерки и кратки сукњи?

- Доколку се донесени вакви правила, врз основа на кои законски и подзаконски правни акти и ратификувани меѓународни договори од областа на образованието и правата на децата се темелат овие правила? Објаснете ја легитимната и оправдана цел за носењето и спроведувањето на ваквата одлука.

- Доколку се донесени вакви правила, што се случува со учениците на кои не им е дозволен пристапот до училиштето заради непочитувањето на овие правила, како тие се вклучени во процесот на задолжително средно образование и дали ја следат наставата?

Од друга страна, во претставката поднесена од Здружение за сексуални и родови малцинства Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје се наведува дека пријавениот дискриминатор има усвоено Куќен ред и Кодекс за однесување и надворешен изглед на учениците, во кој се пропишува дека е забрането да се носат: големи нокти, пирсеви, маици на прерамки, хеланки, бермуди, шорцеви, кратки панталони, кратки маици, искинати фармерки, тренерки и кратки здолништа. Дополнително, согласно наводите на подносителот, правилата за надворешен изглед на учениците во споменатиот кодекс за однесување, односно куќен ред на училиштето, пропишува дека дозволена должина на здолништата е до и под колена, а на панталоните исклучително долги. Воедно, истиот документ пропишува дека секој ученик треба да внимава на својата фризура за време на настава, без разлика дали е тоа со физичко присуство или учење од далечина (женските со уредна и прибрана фризура без разлика на должината на косата, без шминка и лакирани нокти, а кај машките без долга коса, репче и брада). Како мерка за непочитување на Куќниот ред и Кодексот, училиштето има предвидено дека на учениците нема да им биде дозволен пристап до училиштето, односно нема да бидат примени на настава. За потврда на веродостојноста на ваквите тврдења подносителот доставува фотографии од плакат од влезот на училиштето на кој се соопштени правилата за надворешниот изглед на учениците и на кој е наведено на кои ученици ќе им биде забранет пристапот во училиштето, објави од локални интернет медиуми кои се однесуваат на објавените

правила за надворешен изглед во именуваните училишта, како и копија од Куќниот ред од училиштето.

Врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 25.10.2023 достави известување со барање за произнесување до СОУГ Мирче Ацев од Прилеп и по наводите од претставката 08 – 736/1, поднесена од Здружение за сексуални и родови малцинства Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје.

На 27.10.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок за произнесување по известувањето за покренување на претставка по службена должност бр. 08 – 728/1, а на 23.11.2023 пристигна и произнесување по наводите од претставката бр. 08-736/1 од СОУГ Мирче Ацев од Прилеп. Двата цитирани поднесоци за произнесување се со идентична содржина. Во поднесоците училиштето наведува дека нема донесено правила со кои се врши индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието. Училиштето наведува дека наставничкиот совет и училишниот одбор на училиштето веќе подолг временски период има донесено правила со кои на учениците им се укажува како не треба да бидат облечени при остварувањето на наставниот процес, имајќи ја предвид потребата да бидат целосно посветени на остварувањето на целите на наставата, во согласност со етичките, моралните и образовните принципи кои е неопходно да бидат земени предвид кога учениците се на настава во училиштето. Со ваквите правила, согласно наведеното во поднесоците, намерата била да се истакне дека при остварувањето на наставниот процес, покрај за едукација на учениците, треба да се води грижа и за нивното воспитување. Натаму, во поднесоците за произнесување, се вели дека училиштето на плакатот на визуелен начин покажало дел од правилата од Куќниот ред, усвоен на наставнички совет и училишен одбор на училиштето, со кои на учениците им се укажува дека треба да внимаваат на нивниот надворешен изглед при спроведувањето на наставниот процес, а со цел тие правила да бидат видливи и за учениците и за родителите и за вработените. Училиштето, во поднесокот наведува дека на ниту еден ученик не му е ускратено правото на образование по ниту еден основ и сите ученици имаат можност редовно да следат настава без никаква дискриминација, а при носењето на правилата целосно се почитувала забраната за секаков вид дискриминација. Училиштето тврди дека не прави никакви разликувања на учениците, а правилата претставуваат неутрални препораки со кои не се става ниту еден ученик во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други ученици и со кои на ниту еден ученик не му се воспоставува забрана или санкција, ниту му се оневозможува пристап до наставниот процес. Натаму, во поднесоците се наведува дека со пропишаните правила не се нарушува приватноста на учениците, кои имаат целосно право слободно да се изразуваат и да ја градат својата личност врз сопствени вредносни критериуми и цели. На крајот, во поднесоците се наведува дека пропишаните правила не се дискриминаторски, не стимулираат родови стереотипи, туку напротив правилата се прилагодени на родовите различности и идентитети и не ја нарушуваат и не навлегуваат во културната, религиозната и во каква и да е друга различност на учениците.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека подносителот на претставката – Коалиција Маргини во својство на здружение има оправдан интерес за заштита од дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба и во рамки на својата дејност се занимава со заштита од дискриминација и почитување на човековите права, па оттука, подносителот согласно член 23, став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација има оправдан интерес за поднесување на цитираната претставката.

Ценејќи ги наводите од претставката, доказите кон претставката, информациите добиени по допрен глас и поднесоците за произнесување по претставката Комисијата утврди дека е сторено

веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието од страна на СОУГ Мирче Ацев од Прилеп, која произлегува од одредбите на Куќниот ред на училиштето, кои се однесуваат на правила за надворешен изглед на учениците. Од содржината на претставката и доказите кон истата, несомнено произлегува дека пријавените училишта донеле правила за надворешен изглед на учениците, кои, иако се навидум неутрални, може да предизвикаат понеповолен третман и дискриминација кон одредени ученици врз основа на нивниот род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба, а со тоа и да им биде ограничено уставно загарантираното право на задолжително образование. Подзаконските акти и правилата кои ги носат наставничките совети и училишните одбори на средните училиштата, мора да бидат во согласност со Законот за средно образование и Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно **член 44 од Уставот на Република Северна Македонија**, секој има право на образование и образованието е достапно на секого под еднакви услови.

**Член 3 од Законот за средно образование** предвидува дека средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови и без дискриминација. **Членот 57** од истиот Закон прецизно ги уредува педагошките мерки заради повреда и неисполнување на обврските на ученикот, како и постапката за нивно изрекување. Во таа насока, Законот предвидува дека педагошките мерки вклучуваат писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од јавното училиште. Законот детално и прецизно ги уредува педагошките мерки и во истите не предвидува дека училиште може да му забрани присуство на настава на ученик заради начинот на кој е облечен или начинот како изгледа. При тоа законот не остава на диспозиција на училиштата предвидување на нови педагошки мерки, па оттука училиштата немаат право да ги санкционираат учениците и да донесуваат педагошки мерки надвор од законски предвидените, односно вака донесените правила за надворешен изглед на учениците и санкциите предвидени со истите се противзаконски.

Контрадикторни се тврдењата на училиштето дека правилата претставуваат препораки, бидејќи истите се предвидени во Куќниот ред на училиштето, кој како подзаконски акт донесен од наставничкиот совет и училишниот одбор на училиштето е правно задолжителен акт, за разлика од препораките, чие почитување е оставено на диспозицијата и слободната волја на оние на кои се однесуваат. На фотографираните плакати, доставени во доказ на претставката, јасно е напишано дека што им се забранува на учениците, а не што им се препорачува. Дополнително, од доставената копија од Куќниот ред на училиштето, може да се види дека во точка 15 од истиот јасно стои дека *учениците **се должни** да доаѓаат во училиштето уредно облечени горен дел со пристоен дел – маичка/блуза/дуксер, долен дел фармерки/панталони/сукња со пристојна должина. Со својот пристоен изглед нема да се издвојуваат од средината. **Во спротивно нема да бидат примени на настава.*** Во точката 27 од истиот правилник јасно стои дека треба *најдоследно да се почитува Правилникот за однесување и облекување во училиштето,* што дополнително упатува на заклучокот дека правилата за надворешен изглед на учениците се задолжителни, а не препораки и дека нивното непочитување носи санкција.

Од друга страна, и во случај на носење препораки кои по својата природа се навидум неутрални, а може да произведат нееднаков третман кон одредена група ученици по било која основа, треба да се води сметка за тоа дали таквите препораки имаат легитимна цел и дали истите се пропорционални, соодветни и неопходни. Легитимна и објективно оправдана цел е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат. Во конкретниот случај не постои неопходност и пропорционалност, односно не постои пропорционалност помеѓу мерката -

одредбите од Куќниот ред и ограничување на уставно загарантирано право на образование. Дури и правилата за надворешен изглед на учениците да се на ниво на препораки, истите не го поминуваат тестот на пропорционалност, бидејќи предвидената санкција – забрана за пристап на настава во задолжително образование е непропорционална на сторената повреда и непочитување на она што училиштата тврдат дека е препорака.

Оттука, во недостаток на легитимно и објективно оправдана цел Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека ваквите одредби на куќниот ред на СОУГ Мирче Ацев од Прилеп произведуваат индиректна дискриминација, врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието.

**Согласно член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, ***индиректна дискриминација*** *постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.* **Согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета* ***повеќекратна дискриминација****, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.* **Согласно член 4, став 1, алинеја 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ***повеќекратна дискриминација*** *е дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи".*

Дополнително, одлуката на Комисијата е заснована и на одредби од повеќе потпишани и ратификувани меѓународни договори, кои согласно чл. 118 од Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон.

Во таа насока, **членот 28 од Конвенцијата за правата на детето**, меѓу другото пропишува дека детето има право на образование, а државата треба да поттикнува различни форми на средно образование и да ги прави достапни за секое дете. **Училишната дисциплина да се спроведува на начин што е во согласност со достоинството на детето. Член 29 од истата Конвенција** пропишува дека се гарантира правото на образование на детето кое ќе биде насочено кон подготовка на детето за вклученост во слободното општество, во духот на разбирањето, мирот, толеранцијата, еднаквоста и пријателството меѓу сите.
Согласно **чл. 2 и чл. 26 од Универзалната декларација за човекови права,** секој има право на образование без негов различен третман.

**Членот 13 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права** го препознава правото на образование, потенцирајќи дека образованието треба да биде насочено кон целосен развој на човечката личност и чувство на достоинство и ќе ја зајакне почитта кон човековите права и слободи.
**Конвенцијата против дискриминација во образованието** пропишува дека под дискриминација се смета секое разликување, исклучување, ограничување, или преферирање врз дискриминаторска основа.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** СОУГ Мирче Ацев од Прилеп со седиште на ул. Прилепски Бранители бр. 90Б, Прилеп **во рок од 30 дена од приемот на ова мислење** да изврши измени и дополнувања на Куќниот ред и останатите подзаконски акти на училиштето, со отстранување на правилата за надворешниот изглед на учениците, со цел отстранување на индиректната дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство, имотна состојба или било која друга основа, во областа на образованието **и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** СОУГ Мирче Ацев од Прилеп со седиште на ул. Прилепски Бранители бр. 90Б, Прилеп во иднина да се воздржува од носење подзаконски акти кои произведуваат дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство, имотна состојба или било која друга основа и кои не се во согласност со Уставот, законите на Република Северна Македонија и меѓународните ратификувани договори.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Здружение за сексуални и родови малцинства Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ, ул. Народен Фронт бр. 27-3б, 1000 Скопје
- СОУГ Мирче Ацев Прилеп, ул. Прилепски Бранители бр. 90Б, 7500 Прилеп